ОПШТИНА ШТИП

МQS СЕРТИФИКАТ ISO 9001:2008

*Република Северна Македонија*
*Општина Штип*
*Број 09-31/3*
*20.01.2022 година*
*Ш т и п*

Врз основа на член 50, став 1, точка 9 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр. 5/02) и член 93-в, став 1 од Законот за средното образование („Службен весник на Република Македонија" бр. 44/95, 24/96, 34/96, 35/97, 82/99, 29/02, 40/03, 42/03, 67/04, 55/05, 113/05, 35/06, 30/07, 49/07, 81/08, 92/08, 33/10, 116/10, 156/10, 18/11, 51/11, 06/12, 100/12, 24/13, 41/14, 116/14, 135/14, 10/15, 98/15, 145/15, 30/16, 127/16, 67/17 и 64/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 229/20), Градоначалникот на Општина Штип на ден 20.01.2022 година донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за именување на вршител на должноста**
**- Директор на ООУ „Славејко Арсов " Штип**

1.За вршител на должноста- Директор на ООУ„Славејко Арсов " -Штип, се именува:

– Ристе Троковски, наставник по англиски јазик

2. Вршителот на должноста ги има сите права и обврски како директор на ООУ„Славејко Арсов" Штип, а стапува на должност од 21 јануари 2022 година.

3. Се задолжува вршителот на должноста во рок од 3 (три) дена од именувањето со разрешениот директор на училиштето, да изврши примопредавање на должноста во согласност со позитивните законски прописи.

4. Функцијата вршител на должноста, вршителот ќе ја извршува се до изборот на директор на ООУ„Славејко Арсов " Штип, но не подолго од 6 (шест) месеци.

5.Ова решение влегува во сила од денот на донесувањето.

*Образложение*

Од причина што настапија услови кои доведоа до разрешување на директорот на ООУ„Славејко Арсов“ – Штип, со Решение број 09-31/2 од 20.01.2022 година Градоначалникот на Општина Штип, започна постапка за именување на вршител на должноста - Директор на ООУ„Славејко Арсов“ - Штип.

Од редот на вработените во ООУ„Славејко Арсов“ – Штип, вработениот на неопределено време во истото средно училиште Ристе Троковски на работно место наставник по англиски јазик, се именува за вршител на должност Директор на ООУ„Славејко Арсов“ – Штип.

Вршителот на должноста директор ќе ги врши работите во траење од најмногу шест месеци, или се’ до именување на нов директор, а за тој временски период работното место му се става во мирување.

Од погоре наведените причини се одлучи како во диспозитивот на ова Решение.

**Правна поука:** Незадоволната страна има право на жалба во рок од 15 дена од денот на приемот на Решението преку Градоначалникот на Општина Штип до Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен.

**Општината Штип**
**Градоначалник,**
**Иван Јорданов**

вша